Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 489 www.mchamber.mk 15.4.2022

# ОВА НЕ Е ВРЕМЕ ЗА СТРАТЕГИИ ТУКУ ВРЕМЕ ЗА ДА ПРЕЖИВЕЕМЕ




*Одржан Меѓународен инвестициски форум во Скопје*

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ЗАПРЕТЕ ГО НОСЕЊЕТО НА ЗАКОНИ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА ВО ОВОЈ ЧУВСТВИТЕЛЕН МОМЕНТ

*Комората во името на своите членки кои обезбедуваат 50,3% од приходот, 47,6% од нето добивката и 33,7% од вработените во приватниот сектор, укажува дека не смеат да се носат измени и дополнувања на системски закони без дијалог со засегнатите страни*

Најголемата и најбројна бизнис заедница укажува дека Законот за работните односи е комплексен закон (Устав за работниците), за чии измени и дополнувања е потребна широка јавна расправа, а не нивно донесување во скратена постапка. По доставени бројни реакции од компании – членки на Стопанската комора на Северна Македонија, во врска со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, кој е во собраниска процедура, денеска Комората достави Барање до претседателот на Собранието на РСМ Талат Џафери, законодавниот дом да не ги усвои предложените измени и дополнувања на ЗРО, и во иднина законите конечно да се носат низ транспарентен и инклузивен процес со вклученост на засегнатите страни.

СКСМ многу добро знае за да не се одговори на ова наше барање може да се искористат десетици други правни процедури и акти. Но ако се има волја и одговорност за моментот во кој се наоѓаме предлог законот може да се врати на јавна расправа.

Предложено е намалување на максималната горна граница за склучување на договори за вработување на определено време од 5 години на 6 месеци и намалување на крајниот рок за исплата на платите, односно наместо до 15-ти во месецот, платата да се исплаќа до 5 во тековниот за претходниот месец.

Да не се враќаме на периодот (2015 година) кога Собранието донесе 541 закон од кои според податоците од канцеларијата на УСАИД во Македонија 57% се донесени преку ноќ без јавни консултации. При разработка на некое одредено прашање успехот е да се соберат условно кажано сите спротивставени страни, за да седнат и да направат концензус во однос на разликите, со цел да се дојде до правилата кои ќе бидат применливи и јасни за сите. Во спротивно ова би придонело дополнително да се зголеми бројот на работниците кој ќе останат без работа.

Претставниците на компаниите посочуваат и дека фактот дали вработувањето е на определено или неопределено време воопшто не влијае од аспект на остварување на правата од работен однос. Вакво или слично решение како предложеното не може да се сретне ниту во земјите во Регионот (пр. во Србија договорот на определено време може да трае до 24 месеци, во Хрватска до 3 години итн.), ниту пак пошироко во Европа.

СКСМ смета дека право да критикува има оној кој е подготвен да помогне, а ние сме подготвени на тоа во интерес на државата.

Претседателот Азески, на работна средба со претседателите и потпретседателите на Регионалните комори при Комората

# ОВА НЕ Е ВРЕМЕ ЗА СТРАТЕГИИ ТУКУ ВРЕМЕ ЗА ДА ПРЕЖИВЕЕМЕ



Драстичниот раст на цените а некаде и недостиг од суровини неопходни за производство во земјава што е проблем и во глобални рамки, вклучително и цените на енергенсите, руско-украинскиот конфликт, како продолжение на Ковид кризата, наметна сериозна неизвесност и непредвидливоста на ситуацијата, што се заканува со нарушување на ликвидноста на компаниите и затворање и отпуштања на вработените. Ова е општиот впечаток кој беше констатиран на работната средба што претседателот Бранко Азески, ја одржи со претседателите и потпретседателите на Регионалните комори при Стопанската комора од Битола, Прилеп, Кавадарци, Штип, Струмица и Кичево.

На средбата, претставниците на Регионалните комори ги изнесоа видувањата и сознанијата за состојбите во компаниите од регионот кој го претставуваат и согласно анализите направени во Комората по сектори се отвори дискусија за секој од проблемите.

За компаниите членки на Комората независно на кој регион припаѓаат, најголем проблем е скапата струја поради што сметките им се зголемени и до три пати, а поскапувањето и на нафтата јаѓ дига цената на транспортот, што делува до драстичен пораст и на крајната цена на производот. Фирмите едногласно бараат брзи постапки на локално ниво за инвестиции во фотоволтаици со кои ќе супституираат дел од скапата увезена струја, субвенционирање на компании кои произведуваат стратешки производи - производители на основни прехранбени производи, и поддршка на енергетските домашни компании за поголемо производство на електрична енергија од домашно производство како би се обезбедила поевтина струја за стопанството.

Во делот на градежништвото, рак рана останува проблемот со веќе склучени подолгорочни договори преку системот на јавни набавки со фиксни цени, што ги прави проектите неодржливи и води до колапс на градежните фирми пред се во нискоградбата како стожер на градежниот удел во домашната економија. Проблемот со јавните набавки е проблем и за компании од останатите сектори (прехранбениот, метална и електро индустрија и сл.). Од регионалните комори укажуваат дека тековни проблеми со сериозни долгорочни последици има во секој сектор.

По опсежната дискусија, претседателот на Стопанската комора Бранко Азески констатираше дека ова не е време ниту за промена на стратегии, туку е време на преживување. Никој не може да предвиди што ќе се случи со цената на гасот и енергенсите ако продолжи руско-укрианскиот конфликт, никој не знае ни колку ќе трае, а тоа доведува до тешка неизвеност. При тоа посочи дека Владата може да го зајакне секторот, да направи нешто што би им помогнало на компаниите побрзо да дојдат до дозволи за инвестирање во фотовголтаици, да можат да се приклучат на системот пред доаѓањето на зимата кога енормно ќе им се зголемат трошоците. Приоритет би ставиле на ова прашање зашто би дало најбрзи ефекти и тука ќе бидат убедувањата во наредниот период. Можно е фирмите да почнат да се откажуваат од инвестициските активности, што носи кон пад на економската активност. Излезното решение е да и помогнеме сите на државата, но да видиме дека и државата сака да си помогне себе си. Само партнерски може да се надминат проблемите вели Азески.

Сега треба да се свртиме кон капиталот, кон кој работникот е составен дел и треба да се каже дека со скромна поддршка може да оствари најголеми ефекти, констатира претседателот на Стопанската комора. Истовремено порачувајќи дека заради некаква сигурност на бизнисот во следниот период државата мора да предвиди стабилна даночна политика. Комората предупредува и дека допрва следува одливот на работна сила кон туристичките дестинации во регионот и пошироко, што ќе биде дополнителен проблем за бизнисот и причина за ослабнување на нашиот пазар. Капиталот, е оној што во овој момент може да успее заедно со административните институции да ја надмине кризата.

Ваквите средби во Комората ќе продолжат во наредниот период во ист состав со цел заеднички да се следат состојбите на ниво на цела државата и во насока на предлагање решенија кои ќе бидат од интерес за компаниите за надминување на кризата која сигурно ќе потрае.



# Одржан Меѓународен инвестициски форум во Скопје



Во рамките на Проектот „Газели“ – Организирање забрзан раст за потенцијалните иновативни мали и средни претпријатија (МСП) – се одржа првиот Меѓународен инвестициски форум во Хотел „Холидеј ин“, Скопје (13 април 2022 година), во организација на Стопанската комора на Северна Македонија и на партнерските организации од Грција, Кипар и од Бугарија, наменет за иновативни компании кои се карактеризираат со брзо темпо на раст, што значително придонесува во создавање нови работни места.

На Форумот свое обраќање имаа претставници од неколку партнерски организации на Стопанската комора на Северна Македонија. М-р Михајло Донев, в.д. оперативен директор за развој, иновации и за знаење (партнер 4 на Проектот „Газели“), како домаќин на Форумот ги поздрави присутните, им се заблагодари за учеството на Форумот и ги претстави активностите што се реализираа во рамките на овој проект. Дополнително истакна дека во рамките на овој проект се развија алатки за тестирање и методи за поддршка на иновативни МСП, како и спроведување пилот-стратешки план за конкретна поддршка на иновативните компании преку Програмата за забрзување и развој. Во годината кога одбележуваме 100 години од основањето на Стопанската комора на Северна Македонија, горди сме што во нашето портфолио на активности создаваме вредности и за компаниите кои имаат потенцијал за брз раст и создавање на нови работни места како што се Газелите, чија симболика е да се движат брзо и да чекорат напред, заклучи м-р Донев.

Воведно обраќање на Форумот имаше и г-ѓа Елени Фоти, лидер на конзорциумот на Проектот „Газели“ и директор за меѓународни односи од Атинската стопанска и индустриска комора, која изрази благодарност за гостопримството и истакна дека од исклучителна важност е организацијата на еден ваков настан од меѓународен карактер, кој треба да придонесе за подигнување на свеста за бизнис-ангелите, а за возврат да се развие можност за комуникација меѓу компаниите во рамките на земјите вклучени во Програмата „БАЛКАН МЕД“.

Д-р Димитрис Каридис, виш советник во Агенцијата за промоција на инвестиции и трговија „Ентерпрајз Грција“ (партнер 3) даде краток осврт на главните проектни цели, активности и на очекуваните резултати во овој проект.

Проф. д-р Леонид Наков, професор на Економскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Центар за економски истражувања, детално го објасни процесот и го пренесе искуството при изборот, обуката и при подготовката на избраните пет брзорастечки иновативни МСП во Северна Македонија, во рамките на Програмата за забрзување, односно Акселераторската програма, како и нивните очекувања и идни чекори. Понатаму, заедно со асс. проф. Антонис Ливиератос, професор при Националниот и при Каподистријанскиот универзитет во Атина, Грција и проектен координатор (партнер 2) на Проектот „Газели“, ги претстави алатките и придобивките од Програмата за забрзување за иновативните мали и средни претпријатија „Газели“ и истовремено поттикна дискусија кај публиката и кај компаниите.

На настанот учествуваа 12 иновативни мали и средни компании од 4 земји (од Северна Македонија, Грција, Кипар и од Бугарија), во рамките на Програмата „БАЛКАН МЕД“, кои се претставија со своите активности пред потенцијалните инвеститори, комерцијални банки, универзитети и истражувачки центри, а со цел остварување контакти со инвеститори кои би можеле да растат на домашните, регионалните и на меѓународните пазари и да се вклучат во идни иновативни процеси.

Во изминатиот период беа реализирани и активности за зајакнување на капацитетите на коморите, за да се подобри соработката на засегнатите организации при креирањето постојана политика за иновации и за економски развој, која ќе генерира синергии на транснационално ниво.

Водечки партнер на Проектот „Газели“ е Атинската стопанска и индустриска комора (ACCI), во партнерство со Стопанската комора на Северна Македонија, Националниот универзитет во Атина за грантови за истражување, со „Ентерпрајз Грција“, Кипарскиот универзитет за технологија и со Трговската и индустриска комора на Русе, кои во следниот период ќе организираат ваков тип настани и во Бугарија, на Кипар и во Грција, а крајниот резултат ќе биде воспоставување балканска мрежа за поддршка на иновативните брзорастечки компании.

# РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ВЕШТИНИ ЗА ИДНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА“



Во организација на Стопанската комора на Северна Македонија и Министерството за образование и наука, а со поддршка на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка, се реализира дводневната конференција од регионален карактер на тема: „Вештини за идните работни места“. Целта на регионалната конференција е на едно место да се обединат експертите кои ќе разменуваат искуства, идеи и ќе помагаат на земјите во регионот во насока на идентификување на идните потреби од вештини кои ќе бидат побарувани на пазарот на труд во насока на воспоставување рамнотежа помеѓу понудата на вештини од страна на образовните инситуции и побарувачката од страна на реалниот сектор.

Во своето обраќање м-р Антони Пешев, извршен директор на Стопанската комора на Северна Македонија истакна дека Комората е системски чинител кој ги поврзува и обединува бизнисите од една страна и државата од друга. Јавните овластувања што и се делегирани од државата во ситуација на коморски плурализам само ја потврдуваат професионалноста и важноста на Комората во целиот образовен систем и во развојот и имплементацијата на концептот за учење преку работа и дуално образование.

Промените на состојбата на глобален план влијаеја и на промените на работните места во индустријата и на потребите за вештини на работниот кадар во секторот. Оттука разбирањето на барањата за нови вештини е од клучно значење за справување со предизвиците во побарувачката за вештини. Важна е регионалната соработка за да се излезе во пресрет на предизвиците со кои се соочува реалниот сектор во делот на образовните процеси, заклучи Пешев.

„Реализацијата на Конференцијата, значително ќе придонесе кон градењето на нови квалитетни





генерации, опремени со потребните вештини за да одговорат на предизвиците на новите работни места кои ќе се создадат по 10 години од сега. Можеби делува дека има време, но земјите со визија за добра иднина преземаат чекори сега и веднаш“, истакна д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, додавајќи дека Северна Македонија веќе спроведува крупни реформи во образовниот систем за создавање стручен кадар, кој ќе биде препознат на пазарот на трудот.

На конференцијата, амбасадорката на Швајцарија во Северна Македонија, Н.Е. Вероник Хулман упати порака дека образовните инситуции мора да работат заедно со приватниот сектор во дефинирањето на образовните програми и обликување на кадарот. Мора да се најде начин како да се смени перцепцијата на родителите и учениците дека стручното образование е важно за обезбедување на професионално напредување на секоја индивидуа, а на тој начин и градење на силна економија. Со активностите кои се превземаат секоја година, се подига атрактивноста на стручното образование и расте бројката на запишани ученици и бројката на компании вклучени во образовниот процес.

Во рамки на првиот ден од конференцијата беа одржани 4 панел дискусии за секторите: производство, транзиција кон зелена енергија, ИКТ и туризам и угостителство.

На панелот посветен на производствениот сектор, модериран од страна на м-р Марта Наумовска Грнарова, генерален директор на Завар компани, членка на Стопанската комора, свое обраќање имаше и м-р Наташа Јаневска, експерт за образование во Комората, која се фокусираше на идните вештини кои ги бараат компаниите од овој сектор, според анализите за предвидување на потребните вештини.

„Производствениот сектор е важен темел на економијата, бидејќи учествува со 37% во создавањето на БДП и апсорбира околу 257.000 вработени според последните официјални податоци“ изјави Јаневска.

Според компаниите, околу две третини од работните места до 2030 година ќе побаруваат меки вештини кои ќе придонесат за раст на продуктивноста и одржливост на компаниите. Како најзначајни вештини кои ќе се бараат во иднина се: критичкото размислување, решавање на проблеми, аналитички вештини, емоционална интелигенција, вештини за корпоративна одговорност, вештини за обработка на податоци како и вештини за прилагодување на промените и прифаќање на предизвиците во услови на брзо и динамично опкружување, заклучи Јаневска во своето излагање.

Интерактивниот пристап кој го понуди Конференцијата на која присуствуваа учесници од земјите од Југоисточна Европа, како и експертите од Европската тренинг фондација, претставува солидна основа за градење платформа за размена на искуства и идеи помеѓу образовниот и приватниот сектор.

# РЕАЛИЗИРАН МОДУЛОТ ЗА ЛИДЕРСТВО



Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија продолжува со реализација на предавањата согласно предвидената агенда од Програмата 1-Клуб на менаџери-претприемништво и лидери. На 7 и 8 април 2022 година во Стопанската комора (дел од предавањата беа реализирани во компании) беа оддржани предавања од Модулот 5 насловен како „Лидерство: Принципи, типови и теории на лидерство-успешни приказни“.

На предавањата беа разработени повеќе теми како: основните теории на лидерство, типови и принципи на лидерство, цели и важност на лидерство, управување со тимови и мотивирање на вработените. Предавачите, реномирани професори, менаџери и стопанственици преку своите лични приказни и анализи на случај споделија искуства и знаења за важноста на лидерството во развојот и водењето на компаниите.

Во текот на дводневното предавање учесниците имаа можност да се вмрежат и преку интерактивна дискусија и примери да ги слушнат личните приказни од нашето деловно опкружување. Предавачи на модулот за Лидерство беа:

-д-р Љупчо Ефтимов, доцент на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на прв и втор циклус студии кој одржува настава по предметите Менаџмент на човечки ресурси, Стратегиски менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси,

-м-р Антони Пешев, извршен директор во Стопанската комора на Северна Македонија, сопственик и основач на Ултра, една од најстарите конмпании за информатичка технологија во државата,

-Драган Јосифовски, главен менаџер и ко-основач на Paket.mk, магистер по стратегиски маркетинг од универзитетот Imperial College London,



-Александра Дилевска, главен извршен директор и ко-оснивач Publicis Groupe Скопје, една од првите маркетинг агенции во Македонија, која е дел од една од најголемите глобални маректинг агенции Publicis Groupe (PUB.SA),

-Арбен Абдурахмани, основач и ко-сопственик на компаниите „Везе Шари“, „Лецкер“, „Електрошари“ и „Голд Ланд“ и Абдулезел Догани директор на „Везе Шари“ Тетово.

Како составен дел на предавањата и програмата, учесниците имаа можност да одат во посета на две компании –членки на Комората Paket.mk, Скопје и „Везе Шари“, Тетово со цел, вмрежување, утврдување и примена на теоретските познавања во пракса.

Учесници на Програмата за бизнис лидери се 30-тина претставници од среден менаџмент на средно големи и големи компании од Република Северна Македонија, кои се првите слушатели на оваа шест месечна обука која завршува на почетокот на јуни годинава.

Ментори на Програмата за бизнис лидери се д-р Глигор Бишев кој е претседател на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања и д-р Јелисавета Георгиева Јовевска која е потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија.



# Царинската управа на својот 30 годишен јубилеј првата благодарница ја додели на Стопанската комора на Северна Македонија



По повод 30 годишниот јубилеј од основањето, Царинската управа на Република Северна Македонија, пред државниот врв и соработниците, вчера, на 14-ти април, ги претстави постигнатите резултати, реализираните реформи и најзначајните настани кои ги одбележале изминатите триесет години.

На настанот се обратија и министерот за финансии Фатмир Бесими, директорката на Царинската управа, Славица Кутиров, генералниот секретар на Светската царинска организација Кунио Микурија и директорот на Генералниот директорат за царини и оданочување на Европската комисија, Томас Герасимос, како и Премиерот на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски, кој ја истакна важноста на улогата која што Царината како орган на државната администрација ја има во економското опстојување на државата.

Присутните на прославата имаа можност да проследат демонстрација со опремата за контроли што се користи во секојдневното царинско работење и поблиску да се запознаат со улогата на Царината за заштитата на општеството.

Како благодарност за долгогодишната соработка, беа доделени и плакети за благодарност до соработниците, кои низ изминатите 30 години соработувале со оваа институција. Со овој симболичен чин, беше одбележана и соработката меѓу Стопанската Комора на Северна Македонија и Царинската Управа. Имено, само во последниот период, со договор за соработка помеѓу Стопанската Комора на северна Македонија и Царинската управа, склучен во декември 2021 година е уредена соработка и спроведување на обуки од областа на царинското работење, за едукација на економските оператори.

Одличната соработка меѓу овие две институции беше и причина за првата благодарница доделена на денешниот јубилеј, токму на Стопанската комора на Северна Македонија. Од името на Комората, наградата ја прими извршниот директор м-р Антони Пешев.



# ПОДГОРИЦА - БИЗНИС СРЕДБИ КАКО ПОДДРШКА НА СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ



Потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Анета Трајковска, денес во Подгорица оствари работна средба со претседателката на Стопанската комора на Црна Гора, д-р Нина Дракиќ на која се разговараше за предизвиците пред кои се наоѓаат компаниите од двете држави предивикани од мулти кризата. Ефектите од украинската криза невозможно да се проценат на светско, ниту пак на регионално ниво, но мора да продолжиме со регионалната соработка и економската интеграција, и дека ние, Коморите, поставуваме терен за ефикасно решавање на сите прашања што се важни за водење бизнис беше констатирано на средбата. Затоа, утрешниот економски форум на бизнис заедниците од двете земји, во организација на Стопанската комора на Црна Гора и Стопанската комора на Северна Македонија што ќе се одржи во хотел „Хилтон" во Подгорица и на кој учество ќе земат триесетина стопанственици од двете земји е само една од можностите на двете држави за продлабочување на економската соработка.

Во текот на работниот ден беше одржан и состанок со експертите за стручно образование и обука од коморите, членки на Коморскиот инвестициски форум и регионалните координатори на Регионалниот фонд за предизвици (РФП) со цел формирање на техничко советодавно тело составено од експертите за стручно образование и обука кое ќе го следи спроведувањето на отворениот повик за доделување на грантот од 150.000 до 600.000 евра за унапредување на стручното образование. На состанокот се дискутираше за понатамошните чекори во спроведувањето на вториот повик на Регионалниот фонд за предизвици и за начинот на соработката помеѓу координаторите на РФП и експертите за СОО за поуспешна реализација на вториот повик за поголема искористеност на средствата од грантот доделен од Германската развојна банка за опремување на стручните училишта со машини и опрема, како и работилници и лаборатории за реализација на практичната обука на учениците.

На првиот повик од нашата земја средствата од грантот ги добија 8 конзорциуми: 7 стручни училишта и една високообразовна институција и 27 компании во кои ќе се реализира практичната обука на учениците и студентите.

# „Костал Македонија” ќе произведува полначи за електричните и хибридни возила на Volkswagen




Германската компанија за изработка на прецизни делови за автомобилската индустрија „Костал“ со нова инвестиција во фабриката во Охрид. Станува збор за производство на полначи за електрични и хибридни возила кое треба да започне во 2024 година.

Оваа голема инвестиција беше денеска објавена за време на посетата на фабриката од страна на заменик-претседателот во Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции Фатмир Битиќи, главниот оперативен директор и член на УО на Костал, Хансјорг Херман, заменик-амбасадорот на Сојузна Република Германија, Ото Граф и генералниот директор на „Костал” Македонија и претседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство при Советот на странски инвеститори во Комората, Виктор Мизо.

“Ова е производство со висока додадена вредност што е исклучително важно за развојот на нашата економија. Разговаравме и за потпишување на нов договор за државна поддршка и на овој нов голем значаен проект во вредност од 25 милиони евра со нови 200 вработувања во првичната фаза, а производството е планирано да започне во 2024 година”, истакна Битиќи.

Битиќи додаде дека ова е еден доказ за поддршката која државата ја дава за инвестиции кои се дел од вредносниот ланец на индустрии со високо софистицирана технологија, додавајќи дека доброто работење на компаниите како „Костал“ во Владата имаат партнер кој ги поддржува и ќе ги поддржува и во иднина.

“Во моментов овде работат над 950 високо квалификувани вработени со просечна бруто плата од 850 евра. Градиме поволен и предвидлив деловен амбиент за нови инвестиции и токму затоа сериозни инвеститори како „Костал“ кои веќе го вложиле капиталот во земјава размислуваат и за инвестиции во други индустрии и локации во земјава”, додаде Битиќи.

Генералниот директор на „Костал” Македонија, Виктор Мизо рече дека станува збор за технолошки најсофитицираниот производ кој се произведува во рамки на „Костал групацијата“ и ќе се произведува за Европа токму овде во Охрид, но е и најсофитицираниот производ што се произведува од автомобилската индустрија во Македонија.

“Досега „Костал“ има вкупно вложено над 100 милиони евра и планот е од средината на 2024 година да ги произведуваме сите системи на полначи кои се монтирани внатре во автомобилите од групацијата Фолксваген, каде влегуваат Фолксваген Пасат, Шкода Октавиа, Ауди, Порше. Сите плагин хибридни возила идните системи коишто ќе ги користат ќе бидат произведени тука. Оваа инвестиција има потенцијал да биде зголемена на 40 милиони евра и 350 нивни вработувања кое ќе биде одлучено во наредните две три недели на раговорите со Фолксваген”, истакна Мизо.

Главниот оперативен директор и член на УО на Костал, Хансјорг Херман рече дека на средбата станало збор околу моментална ситуација, но и плановите за инвестирање во иднина.



# „РЕПЛЕК“ АД СКОПЈЕ ВО НОВА РАЗВОЈНА ФАЗА




Компанијата „Реплек“ АД Скопје денеска свечено, во присуство на преставници од академската, бизнис, научната и здравствена фела пушти во употреба нов производствен погон, како дел од новата развојна стратегија-инвестиција вредна три милиони евра, што ќе донесе нови 50 вработувања.

На настанот на кој присуствуваше потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, се обратија, генералниот директор на Реплек, Душан Пецовски, министерот за здравство Беким Сали, амбасадорот на Република Австрија, Георг Вуцас и деканот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Зоран Стерјев.

„Реплек” влегува во нова развојна фаза со инвестиција која значи модернизација, дигитализација, иновативно портфолио, диверзификација на пазарот и секако унапредување на човечкиот кадар. Ова значи поголемо домашно присуство, а секако и ширење на странските пазар и во ЕУ, во Заедницата на независни држави, Евроазискиот економски сојуз. Новиот погон ќе биде столб и поддршка на сите овие процеси. Инвестицијата вредна три милиони евра значи удвојување на капацитетите за прашоци, удвојување на капацитетите за полуцврсти форми и зголемување за 30 отсто на капацитетите за течни форми- нагласи Пецовски.

Тој посочи дека нивната цел е „Реплек” да биде одржлив и одговорен. Пецовски потенцираше дека визијата на компанијата е долгорочен и одржлив развој преку примери токму како овој денеска. Од тоа имаат бенефит потрошувачите, вработените, партнерите, акционерите, но и целокупната поширока заедница. Душан Пецовски нагласи дека новата инвестиција значи вложување во човечки ресурси на „Реплек” и дека само во 2022 година нивното семејство и тим ќе порасне за 50 нови вработувања.

Министерот за здравство Беким Сали истакна дека фармацевската дејност е еден од суштинските сегменти на здравствениот систем, особено во делот на успешното излекување на пациентите. Тој додаде дека новиот производствен погон е чекор напред во зајакнувањето на капацитетите на фармацевската дејност во нашата земја. Истовремено, како што потенцира тој, ова е одлична можност за практична работа за младите кадри кои сакаат да работат во оваа област.

Амбасадор на Република Австрија, Георг Вуцас, потнецираше дека пандемијата не’ потсети сите, особено во Европа, дека фармацевтската индустрија и производството на фармацевтски производи претставуваат дел од критичната инфраструктура во секоја земја. Амбасадорот наведе дека нашата Влада и Австриската амбасада остануваат подготвени да обезбедуваат поддршка за натамошно продлабочување на економската соработка помеѓу нашите земји, вклучувајќи го и здравствениот сектор што е од суштинско значење за луѓето и за севкупниот развој на Северна Македонија.

„Реплек“ АД Скопје е долгогодишна активна членка на Стопанската комора на Северна Македонија.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Презентација**

**19.04.2022**

# БЕСПЛАТНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА- ПРОГРАМА EXECUTIVE MBA НА ROME BUSINESS SCHOOL BELGRADE

Стопанската комора на Северна Македонија, како ваш долгогодишен бизнис-партнер, ве покануваа да учествувате на претстојната презентација на Програмата Executive MBA на Rome Business School Belgrade („РБС Белград").

„РБС Белград" е меѓународен бизнис-универзитет со седиште во Белград, акредитиран од Rome Business School од Италија. Универзитетот во Рим е членка на PlanetaFormacion y Unervesidades, меѓународна мрежа создадена во 2003 година од De Agostini и од Групацијата Planeta, која претставува синоним за посветеност не само на компаниите туку и на универзитетското образование и на стручната и доживотна обука.

Програмата MBA е наменета за сите професионалци, менаџери и претприемачи кои имаат цел да се здобијат со дополнителни вештини и компетенции, кои не само што се потребни за успешни деловни потфати туку се и клучни за сите оние кои веруваат во етички пристап во работата. Со завршувањето на Програмата студентите се здобиваат со 60 меѓународно признати ЕКТС-кредити и со двојна диплома.

Програмите се креирани во согласност со работните обврски на студентите, со тоа што предавањата се одвиваат еднаш месечно за време на викендите.

Со цел подетално запознавање со програмите и со можностите што ги нуди Rome Business School Belgrade („РБС Белград"), ве покануваме да ја проследите презентацијата која ќе се одржи на 19 април 2022 година (вторник), во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија (кат 5, сала 4), со почеток во 11:00 часот.






**Онлајн семинар**

**20.04.2022**

# ЕРГОНОМИЈА КАКО ОСНОВА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ОД МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ЗАБОЛУВАЊА

Ергономијата претставува наука која ги опфаќа биолошката антропологија, генетиката, анатомијата, физиологијата, биомеханиката, дизајнот и уште ред други науки и низа научни дисциплини. Како толку опширна и богата наука, многу е тешко за неа да се даде едноставна дефиниција. Сепак, може да се каже дека сите знаења и информации од наведените науки и научни дисциплини ги користи при креирањето работни системи, со кои се овозможува намалување на професионалните болести, заболувања, повреди, а воедно зголемување на безбедноста и олеснуваање на работењето. Сето тоа во насока на постигнување ефикасно и ефективно искористување на човечкиот труд. Како таква наука, има огромно позитивно влијание врз задоволството на работниците, нивното психо-физичко здравје и нивната благосостојба. Докажано е дека само таквите работници можат да постигнат најдобри резултати при работењето. Ергономија е научна дисциплина чија задача е да го истражува човековиот организам и однесување, со цел да обезбеди податоци за прилагодување на предметите со кои човек доаѓа во контакт. Со еден збор, ергономија е наука што се занимава со проучување на интеракцијата меѓу луѓето и машините, односно се занимава со дизајн на производи и уреди коишто треба да бидат најдобро прилагодени на човечкото тело.

Ерономијата е во тесна врска со безбедноста и здравјето при работа, која пак, се дефинира како наука за предвидување, препознавање, проценување и контрола на опасностите кои се јавуваат во или од работното место.

Ергономијата, благодарение на брзиот технолошки развој, постојано се надградува и менува, со цел да остане во тек со најновите трендови и сознанија.

Со цел присутните да се стекнат со подетални и поспецифични познавања и методологии кои ергономијата ги нуди, Стопанска Комора на Северна Македонија во соработка со Македонското здружение за заштита при работа на ден 20 април 2022 година со почеток во 10:00 часот, организира еднодневен „он-лине" семинар на тема: ЕРГОНОМИЈА КАКО ОСНОВА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ОД МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ЗАБОЛУВАЊА.

**Последен рок за пријавување е 15.4.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3367&lng=1

**Семинар**

**05.05.2022**

# ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ПРАВИЛНИЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

(Правилници објавени во „Сл. весник на РСМ, бр.51/22 од 9 март 2022 година”)

Главната цел на Законот за минерални суровини е да ги уреди условите и начинот на вршењена геолошките истражувања и експлоатацијата на минерални суровини, поттикнувањето и унапредувањето на истите со цел да се обезбеди оптимална искористеност на минералните суровини во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Во насока на исполнување на овие цели, Министерството за економија објави 11 нови правилници кои произлегуваат од Законот за минерални суровини и тоа:

-  Правилник за формата, содржината и начинот на водење на книгата за водење на евиденција за извршените проспекциски геолошки истражувања;
-  Правилник за формата, содржината и начинот на водењето накнигата во која се водат извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања;
-  Правилник за содржината и начинот на изработка на студијата за оцена навлијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$;
-  Правилник за формата и содржината на книгата за водење технички надзор, како и начинот на вршење на техничкиот надзор;
-  Правилник за начинот на доставување и содржината на пресметката на експлоатираните количини на минерални суровини во тековната година;
-  Правилник за начинот на водење на евиденцијата на произведените количини на минерални суровини;
-  Правилник за видот, содржината и начинот на изготвување и чување на рударските планови;
-  Правилник за содржината на планот за управување со отпад од минерални суровини;
-  Правилник за начинот на изработка и содржината на програмата за спречување на значителни опасности;
-  Правилник за содржината на програмата за спречување на значителни опасности и
-  Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на затворени инсталации за управување со отпад.

Правилниците се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/22 од 9 март 2022 година.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3364&lng=1



**Семинар**

**10-12.05.2022**

# Тридневна „онлајн“ обука за:СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Со цел зајакнување на врските помеѓу пазарот на труд и вештините на младите што се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката помеѓу работодавачите и училиштата. Се` поголем е интересот на компаниите да обучат ученици - идни вработени согласно нивните потреби, а идните учениците да се стекнат со соодветни вештини, да бидат поконкурентни на пазарот на труд и да најдат соодветно вработување согласно стручната подготовка.

Согласно законската регулатива, а и Вашиот искажан интерес за вклучување во процесот на практично обучување на ученици - дуалното образование, врз основа на кој беше и подготвен конкурсот за упис на ученици во стручните училишта, неопходно е да имате обучено лице – ментор кое ќе ги води учениците низ процесот на практичната работа во компанијата. Со постоењето на обучени ментори во компании ќе се подобри квалитетот на соработката со училиштата и ќе се постигне поефективна практична обука на учениците.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Министерството за образование и наука го отпочнува процесот на сертифицирање на ментори во вашите компании и верификација на институции со предавачи кои се советници од Центарот за стручно образование и обука кои воедно се и носители на работната група за изработка на оваа програма: м-р Бранко Алексовски, м-р Роза Арсовска и м-р Зоран Јовчевски.

Ве информираме дека тридневната обуката за лицето - ментор од вашата компанија ќе се одржи од 10-12.05.2022 година и за таа цел Ве молиме навремено да ни ја доставите пополенета пријавата која Ви ја доставуваме во прилог.

По завршување на процесот на сертификација на ментор, започнува процесот на верификација на вашата компанија за практична обука (сертифицираниот ментор е еден од критериумите за верификација).

Поради ограничен број на учесници (15) на обуката Ве молиме да се пријавите надоцна до 5 мај 2022 година.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3370&lng=1

**Конференција**

**16-17.05.2022**

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: „ПРОМОЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ“

Со цел подобро промовирање и позиционирање на туристичките понуди на Западен Балкан низ светот, од витално значење е поттикнувањето на заедничките туристички понуди на регионот. Во таа насока, Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, во соработка со другите пет комори од регионот во рамките на Коморскиот инвестициски форум „ЗБ6 (КИФ)“ и на Проектот „Коморско партнерство за Западен Балкан“, организира конференција на тема „Промоција на регионалните туристички производи“, која ќе се одржи на 16 и на 17 мај 2022 година во Хотелот „SL Industry“ во Требиње.

Дводневниот настан, чија примарна цел е вмрежување и размена на знаење и на искуства, ќе започне со обиколка на Винскиот пат во Херцеговина, а вториот ден ќе се реализира конференцијата со панел-дискусии за регионалните туристички дестинации, со учество на експерти од туризмот од шесте земји на Западен Балкан, по што се предвидени и билатерални средби за вмрежување, за успешно развивање регионални туристички производи, како и за заедничка промоција на Западен Балкан.

На конференцијата се очекува да присуствуваат околу 100 компании од секторот туризам (туристички агенции, тур-оператори, претставници на угостителскиот сектор, на институции, на туристички одбори, како и претставници на регионалните комори од Западен Балкан).

*За повеќе информации контакт-лица: м-р Сања Николова, тел: 02/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk или Даниела Михајловска-Василевска, тел: 02/3244-021, моб: 072/220-037, електронска адреса: daniela@mchamber.mk*

*Градот Требиње ја освои првата награда на Меѓународниот натпревар „Зелени дестинации – 100 најдобри приказни за одржливоста“, во рамките на Меѓународниот саем за туризам во Берлин, „ИТБ“, со својата приказна „Херцеговска куќа“ и токму од тие причини претставува совршено место за реализација на овој настан.*

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3373&lng=1



**Семинар**

**18.05.2022**

# УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ

Кога зборуваме за УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ зборуваме за управување со резултатите од работата на секој вработен, преку поставување јасни индикатори и цели кои треба да се постигнат. Факт е дека без поставени очекувања и цели, ангажманот на вработените често е прашање на “добра волја” – да работат колку можат или колку што сметаат дека е доволно. Со ова, се доведува во прашање долгорочниот развој на компанијата и секако нивото на успех кое може да се постигне.

Велат дека најдобар начин да се предвиди иднината е истата да се планира. Ова се покажа како особено важно во услови на светска пандемија, кога компаниите беа соочени со потреба да носат брзи одлуки за прилагодување кон новите услови на работа. Оние компании кои имаа поставено системи за управување со учинокот како секојдневен начин на работа, брзо можеа да ги ревидираат индикаторите за учинокот, не само како бројки, туку како нов пристап кон извршување на задачите. Системот за управување со учинок може да биде поврзан со системот на плати и бенефиции, како и со развојот на вработените преку рамката на клучни компетенции. Овие процеси овозможуваат стабилност и раст на секој бизнис.

Со намера овој концепт да се доближи до компаниите во земјата, Стопанската комора на Северна Македонија на 18 мај 2022 година организира еднпдневна „он-лајн“- обука на тема: УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ, која ќе се фокусира на оваа важна тема за обезбедување стабилен развој на секоја организација.

*Предавач:*

*Биљана Велевска раководи со Самеримпекс Импулси од 2000 година, www.impulsi.com.mk. Има огромно искуство во управување со проекти, консултантство за менаџмент и организациски развој, анализи и дијагностика на постоечките вработени и најдобри решенија за управување на човечките ресурси, развивање на системи за управување со учинок и развивање и реализација на обуки за менаџмент и меки вештини. Во обуките пренесува реални искуства од проекти спроведени во интернационални и локални компании. Биљана е магистар по Европски менаџмент (Europa Institute во Германија). Поседува сертификати за тренер на обучувачи и коучинг од интернационални сертификациски програми, со кои овозможува компаниите да ги најдат најдобрите решенија за деловен раст и развој. Од 2020 е сертифициран консултант за Управување со учинокот (KPI Professional) на KPI Institute од Австралија.*

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3368&lng=1

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

**Ваш деловен соработник во светот на бизнисот**

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*



Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088